**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година, („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2013), Министерството за економија објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
За субвенционирање на занаетчии, Проект - поддршка на автентични занаети

**1. Предмет на јавниот повик** е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност државјани на Република Македонија преку кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000 денари направени за следните намени:

- набавка на опрема и алат,
- уредување и подобрување на деловниот простор и
- стручно оспособување - обуки за дизајн на нови производи, дизајн на амбалажа, маркетинг, уредување на продажниот простор, утврдување цена, подобрување на квалитет на постојните производи преку воведување на нови техники и технологии на вработените и работодавачите/мајсторите, (но не повеќе од 20.000 денари).

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2013) дел II, А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 2. Проект – Поддршка на автентични занаети, одобрени се средства во висина од 1.200.000,00 денари.

Средствата од субвенциите не се наменети за следните трошоци:

- Набавка на потрошен материјал, трговски стоки и возила;
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара субвенција, без разлика дали апликантот е ДДВ обврзник или не;
- Царина за намените/трошоците за кои се бара субвенцијата;
- Курсни разлики;
- Закупнина за деловен простор и сл.

За кофинансирање се признаваат докажаните трошоци за предвидените намени настанати во периодот од 1 јануари 2013 до 15 октомври 2013 година.

Доколку занаетчијата корисник на субвенцијата престане со вршење на дејноста пред истекот на една година од датумот на објавување на јавниот повик (освен во случај на смрт или трајна неспособност), има обврска да врати 80% од доделените финансиски средства по основ на предвидените намени во период од 12 месеци.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

- Занаетчии и вршители на занаетчиска дејност кои не добиле буџетски средства од Проектот Македонска автентична ракотворба во претходната 2012 година.
- Занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност кои се регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/04, 55/07, 115/10, 36/11 и 53/11) и кои обавуваат дејности наведени во Образец **„Прилог – АЗ/2013"**; може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk.
- Имаат деловно седиште во РМ;
- Започнале со работење најмалку 1 (еден) месец пред објавувањето на јавниот повик (регистрација/упис во Регистарот на занаетчии или упис во трговскиот регистар.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет Образец **„Барање– АЗ/2013"**;може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk

- Решение за упис во Регистар на занаетчии или потврда/одобрение од Евиденција на вршители на занаетчиска дејност;
- Тековна состојба од Централниот регистар на РМ не постара од 3 (три) месеци;
- Уверение од Управа за јавни приходи за платени даноци и придонеси, не постара од 3 (три) месеци;
- Фактура/и за направените трошоци;
- Извод од банка депонент или swift во кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци;
- Доказ за завршена обука (сертификат или диплома), доколку апликантот аплицира за стручно оспособување;
- Изјава од апликантот дека досега не користел средства од Буџетот на РМ за ниту една од наменитe на ова мерка, заверена на нотар.

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копии заверени на нотар. Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.**

Јавниот повик е објавен и на веб страницата www.konkurentnost.mk

Барањата за субвенционирање ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија. Одобрените барања ќе бидат исплатени по редослед на нивното поднесување, се до исцрпување на расположливите средства за ова намена.
Еден апликант може да користи субвенција за наведените намени само еднаш по објавен јавен повик.

Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје, **до 15 октомври 2013 година**.

**Контакт тел: (02) 3093 445; (02) 3093 501 www.economy.gov.mk**